# Придобивки од економската интеграција за Северна Македонија



FREEDOMS FOR INTEGRATED BALKAN

Документ за политики

# Придобивки од економската интеграција за Северна Македонија

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

analytica
thinking laboratory...

# Содржина


1. Вовед.......... 7
    1.1. Регионалната соработка на земјите од западен балкан.......... 8
2. Политички Контекст На Регионалната Соработка.......... 8
    2.1 Однос ЕУ - Западен Балкан.......... 9
    2.2 Улогата На Европскиот Парламент.......... 10
3. Економски Контекст на Регионалната Соработка.......... 11
    3.1. Трговска Соработка ЕУ-Западен Балкан.......... 12
4. Регионална Економска Интеграција На Балканот:
    Историја И Динамика На Процесот.......... 13
    4.1. Актуелни Иницијативи За Економска Интеграција На
        Балканските Земји
        Регионална економска област (РЕА) и зошто на
        Западен Балкан му е потребна РЕА.......... 15
        Повеќегодишен Акционен План За Регионална
        Економска Област На Западен Балкан -map Rea.......... 16
        "Мини-Шенген".......... 18
        Заеднички регионален пазар - Евалуација на MAP REA во CRM.......... 20
        Степен на подготвеност на земјите од Западен Балкан
        за имплементација на MAP REA.......... 22
5. Траекторијата На Северна Македонија Во
    Регионалните Иницијативи.......... 25
    Регионални иницијативи и статус на Република
    Северна Македонија.......... 25
    5.1. Status in REA components.......... 27
6. Заклучни Согледувања – Предизвици.......... 29
7. Заклучок и Препораки.......... 31

# 1. Вовед

## 1.1. Регионалната соработка на земјите од западен балкан

Регионалната соработка е принцип од најголемо значење за политичката стабилност, безбедноста и економскиот развој на земјите од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Република Северна Македонија, Србија, Црна Гора и Косово. Многу од предизвиците со кои се соочуваат западно-Балканските земји не се само вообичаени за нив, туку имаат и прекугранична димензија, која ги вклучува и регионалните соседи.

Заложбите на земјите од Западен Балкан на полето на регионалната соработка се дел од

условите за пристапување кон Договорот за стабилизација и асоцијација (ДСА) кон кој пристапија сите земји. Процесот за стабилизација и асоцијација (ПСА) наметнува зацврстување на релациите помеѓу земјите, а се однесуваат на слободната трговија, развојот на транспортот, енергетиката, инфраструктурата, технологијата итн. Како еден од суштинските елементи на ПСА, напредокот во регионалната соработка се оценува во годишните извештаи на Европската комисија.

Во економска смисла, регионалната соработка помеѓу земјите од Западен Балкан е инструмент за подобрување на бизнис климата, привлекување странски но и поддршка и стимулирање на домашните директни инвестиции, што е основата за зголемување на вработеноста, а со тоа и на благосостојбата на граѓаните во регионот.

Сепак, имајќи го предвид минатото, најзначаен аспект на регионалната соработка помеѓу земјите од Западен Балкан е соработката во сферата на безбедноста. Поаѓајќи од сознанието дека постигнување долгорочна стабилност и трансформирање на регионот Западен Балкан најдобро може да се обезбеди преку економски раст и зголемена регионална соработка, Европската Унија (ЕУ) во 2014 година го лансираше т.н. „Берлински процес“[1] Берлинскиот процес е една од поновите иницијативи што дополнително ја поттикна регионалната соработка преку форматот „Западен Балкан Шест“. Берлинскиот процес ги обединува лидерите на земјите од Западен Балкан и неколку од земјите-членки на Е[2] на годишни самити[3].



Во документот најпрво ќе биде политичката димензија на регионалната соработка, особено во односот ЕУ-Западен Балкан, а потоа и економската димезија на регионалната соработка. Ќе бидат презентирани моменталните иницијативи за економска интеграција на земјите од Западен Балкан со согледување на состојбата и статусот на Република Северна Македонија во овие иницијативи. На крај, ќе бидат анализирани клучните ризици и закани кои можат да имаат влијание во регионот, како и ќе се дадат перпораки за нивно надминување.

## 2. Политички контекст на регионалната соработка

Регионалната соработка на Западен Балкан е клучна за стабилноста, катализатор за помирување, добрососедство и добри политички односи како и за помагање во надминување на национализмот и нетолеранција и промовирање на взаемно разбирање и политички дијалог во регионот.

Соработката помеѓу земјите, покрај горенаведените, носи и различни практични придобивки[4]:

- повисоко ниво на меѓурегионални текови на стоки и услуги,
- зголемена конкуреност на релативно малите економии и
- зголемена атрактивност на регионот како инвестициска дестинација.

Дополнително, соработката на земјите од Западен Балкан е важна за регионалната економска интеграција меѓу соседните земји од една, како и за приближување на нивниот пат кон Евро – Атлантските интеграции[5] од друга страна. Поради ова, сите регионални организации и иницијативи имаат за цел да се усогласат со агендите и политиките за приближување кон ЕУ која ја третира регионалната соработка како еден од клучните одредници за Западен Балкан во процесот на интеграција во ЕУ.

1. European Parliamentary-The Western Balkans' Berlin process: A new impulse for regional cooperation: https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2016/586602/EPRS_BRI(2016)586602_EN.pdf
2. Германија, Австрија, Франција, Италија, Словенија и Хрватска.
3. Одржани се 6 годишни самити: 2014-Берлин, 2015-Виена, 2016-Париз, 2017-Трст, 2018 –Лондон и 2019-Познан.
4. Oleg Levitin and Peter Sanfey: Regional cooperation in the Western Balkans, EBRD, 2018
5. Земјите од Западен Балкан се вклучени во различни форми на соработка со НАТО (особено Албанија, Црна Гора и Севрна Македонија кои се полноправни членки, како и Хрватска, која е тесно интегрирана со регионот). НАТО алијансата е важен извор на стабилноста на регионот: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:52000DC0049&from=DE
6. Европска комисија: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:52000DC0049&from=DE
7. https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/enlargement-policy/glossary/stabilisation-and-association-process_en
8. https://www.europarl.europa.eu/enlargement/ec/cop_en.htm
9. https://www.consilium.europa.eu/ueDocs/cms_Data/docs/pressdata/en/misc/76291.pdf
10. https://www.consilium.europa.eu/ueDocs/cms_Data/docs/pressdata/en/gena/76201.pdf

## 2.1. Однос EU-Западен Балкан

Условите за воспоставување договорни односи на ЕУ со земјите од Западен Балкан за првпат беа утврдени во Заклучоците на Советот од април 1997 година[5] Во 1999 година, Советот го воспостави ПСА[6]. ПСА е политичка стратегија на ЕУ за европска интеграција на земјите од Западен Балкан. Меѓутоа, Советот на ЕУ потврди дека земјите Западен Балкан ќе бидат подобни за членство во ЕУ доколку ги исполнат критериумите утврдени на Европскиот совет во Копенхаген во јуни 1993 година[7]. Регионалната соработка меѓу земјите од Западен Балкан е клучен елемент на ПСА.

Во 2003 година, Европскиот совет во Солун, Грција, ја одобри Солунската декларација[8] и Солунската агенда за Западен Балкан: движење кон европска интеграција[9]. Овие документи беа усвоени на Самитот ЕУ-Западен Балкан одржан на 21 јуни 2003 година во Солун. Со овие документи, ЕУ ја покажа решителноста за целосна и ефикасна поддршка на Западен Балкан[10]. Европскиот совет во декември 2006 година[11] ја потврди потребата од фер и ригорозни услови во согласност со политичките критериуми од Копенхаген, процесот на стабилизација и асоцијација и обновениот консензус за прием на нови земји во ЕУ.

Клучни датуми во односите на земјите од Западен Балкан и ЕУ:

- Склучени Договори за стабилизација и асоцијација:




- Декември 2005 - Република Северна Македонија доби статус на земја-кандидат за членство во ЕУ[13]
- Јуни 2012 година - Црна Гора ги започна преговорите со ЕУ[14]
- Јуни 2014 година Албанија доби статус на земја-кандидат за членство во ЕУ[15]
- Јануари 2014 година - Србија ги започна преговорите со ЕУ[16]

11. Brussels European Council 14/15 December 2006 presidency conclusions: https://www.consilium.europa.eu/ueDocs/cms_Data/docs/pressData/en/ec/92202.pdf
13. EU relations with Country-North Macedonia: https://eeas.europa.eu/headquarters/headquarters-homepage/1457/former-yugoslav-republic-macedonia-and-eu_en
14. EU relations with Country-Montenegro: https://eeas.europa.eu/headquarters/headquarters-homepage/27529/montenegro-and-eu_en
15. EU relations with Country-Albania: https://eeas.europa.eu/headquarters/headquarters-homepage/6953/albania-and-eu_en
16. EU relations with Country-Serbia: https://eeas.europa.eu/headquarters/headquarters-homepage/27547/serbia-and-eu_en

## 2.2 Улогата на Европскиот парламент

Европскиот парламент е целосно вклученво ПСА, а неговата согласност беше потребна за склучување на сите ДСА (член 218 (6) од Договорот за функционирање на ЕУ)[17]. Парламентот, исто така, мора да даде согласност за секое ново пристапување во ЕУ (член 49). Покрај тоа, преку своите буџетски овластувања, има директно влијание врз износите доделени на Инструментот за претпристапна помош. Во јуни 2020 година, по Самитот ЕУ-Западен Балкан во Загреб, Парламентот издаде и сет препораки за Западен Балкан[18]. Парламентот одржува редовни билатерални односи со парламентите на земјите од Западен Балкан преку своите делегации, кои во просек двапати годишно разговараат за прашања релевантни за ПСА и процесот на пристапување во ЕУ.



17. Treaty on the Functioning of the European Union - https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A12012E%2FTXT
18. ZAGREB DECLARATION, 6 MAY 2020: HTTPS://WWW.CONSILIUM.EUROPA.EU/EN/PRESS/PRESS-RELEASES/2020/05/06/ZAGREB-DECLARATION-6-MAY-2020/

# 3. Економски Контекст на Регионална соработка

Регионалната соработка е од суштинско значење за зголемување на просперитетот и економскиот раст. Економскиот развој е клучно прашање доколку земјите од Западен Балкан сакаат да направат подобар и побрз напредок кон европска интеграција. Во многу области, како што се трговијата, енергијата и транспортот, поради ограничената големина на секоја земја од Западен Балкан и фрагментацијата на економскиот простор во регионот, интензивната регионална соработка е најдобриот пат за напредок.

Едно од најгорливите прашања со кои се соочуваат сите земји од Западен Балкан е како да се развие одржлив модел на раст што ќе овозможи вработување и просперитет на долг рок . Гледано преку растот на бруто-домашниот производ (БДП), економиите во земјите од Западен Балкан остваруваат раст (во просек од 3-4% на годишно ниво во периодот 2016-2019 година – табела 1). Исклучок е 2020 година, каде поради кризата предизвикана од пандемијата на КОВИД-19, растот во сите шест економии беше негативен.

**Табела 1:** Годишен раст на БДП (во %)

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| Албанија | 3,4 | 3,8 | 4,0 | 2,1 | -3,3 |
| Босна и Херцеговина | 3,2 | 3,1 | 3,7 | 2,8 | -4,3 |
| Република Северна Македонија | 2,8 | 1,0 | 2,9 | 3,2 | -4,5 |
| Косово | 4,1 | 4,2 | 3,8 | 4,9 | -6,9 |
| Црна Гора | 3,0 | 4,7 | 5,0 | 4,0 | -15,2 |
| Србија | 3,3 | 2,1 | 4,5 | 4,2 | -1,0 |

Извор: https://data.worldbank.org/

Со исклучок на 2020 година, растот на БДП-то е далеку под нивото забележано пред глобалната криза од 2008-09 година и е недоволно за да направи значително приближување на животниот стандард помеѓу регионот и ЕУ. Во овој контекст се и податоците за релативно ниски нивоа на БДП по глава на жител во споредба со просекот на ЕУ (графикон 1)[20].

19. Oleg Levitin and Peter Sanfey: Regional Cooperation in the Western Balkans, EBRD, 2018
20. Светска банка.

**Графикон 1:** БДП по глава на жител во 2020 година (во US$)




Извор: https://data.worldbank.org/

Приближување на животниот стандард помеѓу регионот и ЕУ ќе зависи од темпото на надминување на предизвиците што го кочат регионот од развивање на целиот свој потенцијал[21]. Поголема економска соработка меѓу земјите од Западен Балкан може да биде еден од главните фактори за раст на економиите во регионот.

## 3.1 Трговска соработка ЕУ-Западен Балкан

Во сите земји од Западен Балкан, ЕУ е водечки трговски партнер со речиси 70% од вкупната трговска размена во регионот. Учеството пак, на регионот во целокупната трговија со ЕУ е само 1,4%[22].

Трговијата на ЕУ со земјите од Западен Балкан порасна за речиси 130% во периодот 2010-2019 година, при што вкупната трговска размена меѓу ЕУ и Западен Балкан достигна 55 милијарди евра во 2019 година.Оваа трговска експанзија беше во корист на земјите од Западен Балкан, имајќи предвид дека во последните 10 години, земјите од Западниот Балкан го зголемија својот извоз во ЕУ за 207%, додека извозот на ЕУ во овие земји се зголеми за 94% (графикон 2).

**Графикон 2:** Трговска размена ЕУ-Западен Балкан (во милијарди евра)




Извор: Европска комисија-https://ec.europa.eu/

21. PETER SANFEY, JAKOV MILATOVIC AND ANA KRESIC-„HOW THE WESTERN BALKANS CAN CATCH UP", EBRD-HTTPS://WWW.EBRD. COM/NEWS/2016/HOW-THE-WESTERN-BALKANS-CAN-CATCH-UP.HTML
22. Western Balkans-Trade picture: https://ec.europa.eu/trade/policy/countries-and-regions/regions/western-balkans/

Економската интеграција може да ги намали трошоците за трговија, со што се подобрува достапноста и избор на стоки и услуги во економија и води кон поголема куповна моќ за граѓаните. На пример, економски интеграцијата може да им овозможи на фирмите во една земја да научат за стоките, технологиите и деловни односи на фирми во други земји, со што ќе можат да ја зголемат продуктивноста. Поради ова, економската интеграција води кон забрзан и одржлив модел на раст[23].

Регионалната соработка на земјите од Западен Балкан е основата за раст и развој на регионот, бидејќи вклучува повеќе придобивки како:

- проширување на пазарите;
- поефикасна распределба на ресурсите низ регионот;
- зголемени инвестиции;
- интегрирани пазари на труд.

# 4. Регионална Економска Интеграција на Балканот: Историја и Динамика на Процесот

Распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ) кон средината на 1991 година беше проследен со политичка и економска нестабилност во регионот. Покрај воените конфликти[24], земјите од поранешна СФРЈ забележаа остар пад на БДП и хиперинфлација во почетокот 1990-тите. Како одговор на овие настани, Европската комисија го објави својот Регионален пристап за Западен Балкан во 1996 година, наменет за промовирање на економска реконструкција, демократија и регионална соработка, со цел поткрепа на Дејтонскиот мировен договор[25]. Како најважни датуми за регионалната економска интеграција на земјите од Западен Балкан можат да се издвојат:

- 1997 година - регионалната соработка и почитувањето на меѓународните обврски беа додадени на листата на услови што земјите од Западен Балкан треба да ги исполнат за да ги интензивираат своите односи со ЕУ;

23. WESTERN BALKANS: Regional Economic Integration Issues Notes: World Bank Group, 2017 -https://documents1.worldbank.org/curated/en/521241498836042507/pdf/Western-Balkans-Regional-economic-integration-issues-notes.pdf
24. Словенија (1991), Хрватска (1991-1992) и Босна и Херцеговина (1992-1995)
25. https://www.osce.org/bih/126173

- 1999 – воспоставен ПСА како долгорочната стратегија на ЕУ за Западен Балкан. Процесот се потпира на регионалната соработка меѓу Балканските земји како основен услов за постигнување стабилност и економско закрепнување;
- 2001 – потпишан Меморандум за разбирање за либерализација на трговијата во Брисел од Министрите за надворешна трговија на осум земји од Југоисточна Европа (Албанија, Романија, Бугарија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора, Република Северна Македонија и Молдавија)[26]. Меморандумот доведе до потпишување билатерални договори за слободна трговија што предвидуваа прогресивно отстранување на сите трговски бариери;
- 2006 – потпишан е Централноевропски договор за слободна трговија (ЦЕФТА) во Букурешт. Со цел да се усогласат трговските регулативи, билатерални договори за слободна трговија беа трансформирани во мултилатерален договор со кој се овозможи целосна либерализација на трговијата со индустриски и со земјоделски производи;
- 2008 – формиран е Советот за регионална соработка официјално на состанокот на министрите за надворешни работи во рамки на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (SEECP-South-East European Cooperation Process), кој се одржа во Софија. Советот е формиран со цел да се промовира и унапреди европската и евроатланската интеграција на земјите од регионот. Советот работи на воспоставување и постојано унапредување на соработката помеѓу земјите од регионот, во справувањето со предизвиците и адресирањето на потребите на регионот во делот на економскиот и социјалниот развој, енергијата и инфраструктурата, правдата и владеењето на правото, безбедноста, мобилноста, унапредување на поврзаноста и подобрување на конкурентноста во регионот, јакнење на институционалните и човечките капацитети,[27]
- 2014 – ЕУ го лансираше т.н. „Берлински процес“[28]. Берлинскиот процес е една од поновите иницијативи што дополнително ја поттикна регионалната соработка преку форматот „Западен Балкан Шест”. Берлинскиот процес ги обединува лидерите на земјите од Западен Балкан и неколку од земјите-членки на ЕУ на годишни самити[30];
- 2017 – Советот за регионална соработка го претстави Повеќегодишниот акциски план за регионална економска област на Западен Балкан (Multi-annual action plan for regional economic area-MAP REA). MAP REA беше одобрена од лидерите на Западен Балкан на Самитот во рамки на Берлинскиот процес одржан во Трст на 12 јули 2017 година[31]. MAP REA има

26. Ljiljana Pjerotić-Trade Liberalization in the South East Europe – Effects and Controversial Issues: http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/1452-595X/2008/1452-595X0804497P.pdf
27. Regional Cooperation Council https://www.rcc.int/
28. European Parliamentary-The Western Balkans’ Berlin process: A new impulse for regional cooperation: https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2016/586602/EPRS_BRI(2016)586602_EN.pdf
29. Германија, Австрија, Франција, Италија, Словенија и Хрватска
30. Одржани се 6 годишни самити: 2014-Берлин, 2015-Виена, 2016-Париз, 2017-Трст, 2018 –Лондон и 2019-Познан.
31. Regional Cooperation Council: https://www.rcc.int/priority_areas/39/multi-annual-action-plan-for-a-regional-economic-area-in-the-western-balkans--map
32. Regional Cooperation Council: https://www.rcc.int/pages/143/common-regional-market

за цел да овозможи непречен проток на стоки, услуги, капитал и квалификувана работна сила низ Западен Балкан и тоа во четири компоненти: трговија, инвестиции, мобилност и дигитална интеграција (повеќе за МАР REA во делот 4.1.);

- 2019 – Албанија, Република Северна Македонија и Србија ја започнаа иницијативата т.н. „мини-шенген" со цел понатамошна меѓусебна економска интеграција преку слободното движење на луѓе, стоки, услуги и капитал (повеќе за оваа иницијатива во делот 4.1.);
- 2020 –Советот за регионална соработка го претстави Заедничкиот регионален пазар (Common Regional Market (CRM))[32] како регионална иницијатива, со цел создавање регионален пазар базиран на европски правила и процедури и приближување на регионот до единствениот пазар на ЕУ;
- 2021 – регионалната иницијатива меѓу Република Северна Македонија, Албанија и Србија, дотогаш нарекувана „мини-шенген" доби ново име - Отворен Балкан. Со цел да се олесни трговијата, движењето на граѓаните и развојот на економијата на форумот беа потпишани три меморандуми - за соработка за олеснување на увозот, извозот и движењето на стоки на Западен Балкан, за слободен пристап на пазарот на трудот на Западен Балкан и Договор за соработка за заштита од катастрофи на Западен Балкан.

## 4.1 Актуелни иницијативи за економска интеграција на балканските земји

### Регионална економска област (РЕА) и зошто на Западен Балкан му е потребна РЕА

Регионалната економска област (REA) на Западен Балкан има за цел развој на регионот каде што стоките, услугите, инвестициите и квалификуваните работници можат да се движат без пречки.

Зошто им е потребна REA на замјите од Западен Балкан?

Преку REA земјите од Западен Балкан ја продлабочуваат соработката во четири полиња, и тоа:

- Трговска размена - успешно спроведување на дополнителните протоколи на ЦЕФТА за олеснување на трговијата;
- Инвестиции - размена на информации и најдобри практики за инвестициски политики и ќе идентификува политики што би можеле да се усогласат;
- Мобилност - признавање на професионални квалификации и отстранување на пречките за мобилност на студенти, истражувачи и академици; и
- Дигитализација - роаминг, сајбер безбедност и развивање на дигитални вештини во регионот.

33. Европска Комисија: https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/MEMO_17_1967
34. Европска Комисија: https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/hr/MEMO_17_1967

Продлабочувањето на соработката во овие четири полиња го прави пазарот достапен за потенцијалните инвеститори во регионот: пристап до скоро 20 милиони потрошувачи, како и зголемување на економската привлечност на Западен Балкан, искористувајќи ги предностите на трговските односи на земјите од Западен Балкан со ЕУ.[33]. Целта на REA не е истата да претставува алтернатива на ЕУ интеграцијата, туку напротив, да го помогне процесот за пристапување во ЕУ. Токму поради тоа, Европската комисија целосно ја поддржа амбицијата на земјите од Западен Балкан за подлабока регионална економска интеграција[34].Всушност, продлабочувањето на економската интеграција во регионот се базира на европски правила и принципи, па ваквиот пристап обезбедува интеграција и во регионот и со ЕУ. На овој начин, оваа иницијатива е важна пресвртница за подготовката за пристапување во ЕУ. Концептот на РЕА е ставен во функција преку повеќегодишен акционен план (MAP REA-повеќе во дел „B"), одобрен од лидерите од Западен Балкан на Самитот во Трст на 12 јули 2017 година. Иако поминаа само 4 години од лансирањето на REA, во земјите од Западен Балкан сепак се постигнати повеќе видливи резултати (повеќе во делот 4.1-D)

## Повеќегодишен акционен план за регионална економска област на Западен Балкан -MAP REA

Повеќегодишниот акциски план за регионална економска област на западен Балкан беше одобрен од лидерите на Западен Балкан на Самитот во рамки на Берлинскиот процес одржан во Трст на 12 јули 2017 година[35].Иницијативата беше развиена од Советот за регионална соработка по барање на шесте земји од Западен Балкан заради натамошно унапредување на економската соработка, а беше поддржана од страна на Европската комисија. MAP REA има за цел да овозможи непречен проток на стоки, услуги, капитал и квалификувана работна сила низ Западен Балкан и тоа во четири компоненти: I. Трговија, II. Инвестиции, III. Мобилност и IV. Дигитална интеграција.

I. Во врска со трговијата, земјите од Западен Балкан се согласија да ги мобилизираат своите напори за успешно спроведување на дополнителните протоколи на ЦЕФТА..

II. Во врска со инвестициите, земјите се согласија да воспостават регионална агенда за инвестиции, која ќе вклучува размена на информации и најдобри практики за инвестициски политики и ќе идентификува политики што би можеле да се усогласат. Земјите, исто така, се согласија да го стимулираат развојот на приватниот сектор со цел да се максимизира придобивката од REA за локалните економии.

35 Regional Cooperation Council: https://www.rcc.int/priority_areas/39/multi-annual-action-plan-for-a-regional-economic-area-in-the-western-balkans--map




Source: Regional Cooperation Council - https://www.rcc.int/files/user/docs/5511a1f61b9f7165f7d539bfd4df5bae.pdf

III. Во врска со мобилноста, земјите од Западен Балкан се согласија да ги отстранат пречките за мобилност на професионалци, преку регионални договори за меѓусебно признавање на професионални квалификации и отстранување на пречките за мобилност на студенти, истражувачи и академици. Унапредувањето на агендата за регионална мобилност подразбира дека економиите во регионот треба соработуваат и координираат нивните напори за поставување заеднички цели и акции кои би им помогнал да бидат поконкурентни на национално, регионално и меѓународно ниво.[36]

IV. Дигиталната димензија опфати роаминг и ширење на широкопојасен интернет, сајбер безбедност и заштита на податоците и се фокусира на потребите за дигитални вештини во регионот.[37]

36. Regional Cooperation Council: https://www.rcc.int/docs/383/multi-annual-action-plan-for-a-regional-economic-area-in-the-western-balkans-six
37. Повеќе за резултатите од спроведувањето на MAP REA и идните чекори може да се најде на: https://www.rcc.int/priority_areas/39/multi-annual-action-plan-for-a-regional-economic-area-in-the-western-balkans--map

## “Мини - Шенген”

На 10 октомври 2019 година[38], во Нови Сад, Србија, започна нов паралелен процес во рамки на кои српскиот Претседател Александар Вучиќ, албанскиот премиер Еди Рама и премиерот на Република Северна Македонија Зоран Заев го објавија „мини-шенген“ чија цел е воспоставување слободно движење на луѓе, стоки, услуги и капитал на Западен Балкан користејќи само лични карта. Иницијативата беше поддржана од Специјалниот пратеник за Западниот Балкан и американскиот амбасадор во Германија, Ричард Гренел, кој го повика и Косово за оваа иницијатива да биде успешна. Натамошни состаноци во овој дел беа одржани на 10 ноември 2019 година во Охрид, Република Северна Македонија и на 21 декември 2019 година во Тирана, Албанија.

Во рамките на „мини-шенген“, досега се преземени следниве чекори”:

- Меморандум за слободно движење на луѓе кои користат само лични карти и унифицирање на процедурите за издавање работни дозволи за сите граѓани во земјите од Западен Балкан[39],
- 24-часовно функционирање на граничните контроли за фитосанитарни и ветеринарни контроли[40],
- Завршени преговори помеѓу Република Северна Македонија и Србија и за изградба на нов граничен премин Лојане - Миратовац[41],
- Договорот помеѓу царинските управи на Република Северна Македонија и Албанија за едношалтерски систем на граничниот премин Ќафасан[42], и со Србија на граничниот премин Табановце[43] со цел да станат гранични премини без застои,
- Воведување систем без хартија за поедноставување на царинските постапки.

На 4 септември 2020 година, на Самитот во Белата куќа во Вашингтон, Косово и Србија потпишаа Договори за економска нормализација. Преку договорот, Косово се согласи да стане дел од

38. https://europeanwesternbalkans.com/2021/07/29/mini-schengen-renamed-open-balkan-vucic-rama-and-zaev-sign-three-documents/
39. https://vlada.mk/node/19217 - Заедничка декларација на Претседателот на Република Србија, Премиерот на Република Албанија и Претседателот на Владата на Република Северна Македонија.
40. https://vlada.mk/node/19852?ln=mk
41. http://www.kt.gov.rs/en/news/news-archive/mr.-stefanovic-and-mr.-spasovski-signed-an-agreement-on-the-miratovac-lojane-crossing/
42. https://economy.gov.mk/vest/524
43. https://www.srbija.gov.rs/vest/en/142914/faster-flow-of-people-goods-between-serbia-north-macedonia.php
44. https://www.whitehouse.gov/briefings-statements/remarks-president-trump-president-vucic-serbia-prime-minister-hoti-kosovo-trilateral-meeting/
45. https://europeanwesternbalkans.com/2020/10/30/vucic-zaev-and-rama-held-a-video-meeting-on-mini-schengen/

„мини-шенген" и се согласи да спроведат договори за автопат, железнички врски и маршрути за летови со Србија[44].Откако состаноците за „мини-шенгенот" беа одложени поради пандемијата КОВИД-19, иницијативата беше обновена на 30 октомври 2020 година, каде тројцата лидери на Србија, Албанија и Република Северна Македонија одржаа видео состанок[45] на кој се сложија дека иницијативата е целосно во согласност со Берлинскиот процес. Тие, исто така, се согласија да формираат постојана работна група со владини претставници од секоја од земјите учеснички со цел да се забрза процесот на потпишување и спроведување на договорени активности.

На 9 ноември 2020 година, на организиран онлајн самит како дел од иницијативата „мини-шенген", лидерите на Србија, Албанија и Република Северна Македонија потпишаа меморандум за разбирање со цел соработка во борбата против КОВИД-19 и овозможување на граничен премин со лични карти. Покрај тоа, на граѓаните на трите земјите им беше овозможено бесплатно да се лекуваат во која било од трите земји доколку се заразени со КОВИД-19[46].

За разлика од другите претходни регионални иницијативи кои ги опфатија сите шест земји од самиот почеток, „мини-шенгенот" немаше консензус. Останатите земји од Западен Балкан (Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина) не ја прифатија иницијативата за „мини-шенген". Косово предложи да се унапредува регионалната соработка преку склучување трговски договор со ЕУ[47]. За разлика од другите претходни регионални иницијативи кои ги опфатија сите шест земји од самиот почеток, „мини-шенгенот" немаше консензус. Останатите земји од Западен Балкан (Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина) не ја прифатија иницијативата за „мини-шенген". Косово предложи да се унапредува регионалната соработка преку склучување трговски договор со ЕУ[48].Босна и Херцеговина присуствуваше на состаноците, иако со изјаснување дека е фокусирана за влез во ЕУ.

Во јули 2021 година, на средбата одржана во Скопје, Република Северна Македонија, регионалната иницијатива меѓу Република Северна Македонија, Албанија и Србија, дотогаш нарекувана „мини-шенген" доби ново име – Отворен Балкан. Со цел да се олесни трговијата, движењето на граѓаните и развојот на економијата беа потпишани три договори, и тоа за[49]:

- Соработка во случај на катастрофа;
- Слободен пристап до пазарот на трудот во регионот; и
- Олеснување на слободното движење на стоки.

46. https://balkans.aljazeera.net/news/balkan/2020/11/9/mini-schengen-potpisani-sporazumi-o-licnim-kartama-i-covid-19
47. https://exit.al/en/2021/07/29/kosovo-dismisses-visionless-mini-schengen-urges-for-trade-deal-with-the-eu/
48. https://balkaninsight.com/2019/11/12/montenegro-rejects-balkan-mini-schengen-proposal/
49. Влада на РСМ: https://vlada.mk/node/26061?ln=mk

Покрај потпишување на Договор за соработка во случај на катастрофа и Меморандум наменет за олеснување на слободното движење на стоки, најзначајниот предлог што произлегува од иницијативата Отворен Балкан е да се создаде слободен пристап до пазарот на трудот во регионот. Доколку се спроведе, овој предлог ќе им овозможи на граѓаните од сите три земји да најдат можности за вработување низ целиот регион под исти услови како домашните граѓани. Бидејќи само Албанија веќе има соодветна правна рамка за реализација, потпишан е Меморандум за разбирање со Србија и Република Северна Македонија, со кој се очекува да се направат неопходните промени во правните рамки. Се очекува потпишување на меѓудржавен договор, кој ќе означи имплементација на слободен пристап до регионалниот пазар на труд во Белград на почетокот на ноември, кога е закажана нова средба на земјите од Отворен Балкан. Најавеното признавање на квалификациите, ќе им помогне на компаниите да дојдат до соодветен работен кадар.[50] Според иницијатива, се очекува до 2023 година да се овозможи целосно ослободен прекуграничен проток на граѓаните од трите земји.[51]

## Заеднички регионален пазар - Евалуација на MAP REA во CRM

Заедничкиот регионален пазар (CRM) има за цел да создаде регионален пазар базиран на ЕУ правила и процедури и да ги приближи земјите од Западен Балкан поблиску до Европскиот единствен пазар. Акцискиот план за создавање на Заедничкиот регионален пазар 2021-2024 година, лидерите на земјите од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, го усвоија на Самитот во рамки на Берлинскиот процес одржан на 10 ноември 2020 година во Софија.[52]

Новиот Акционен план за заеднички регионален пазар којшто треба да се имплементира до крајот на 2024 година вклучува активности во четири клучни области (Табела 2)[53].

Всушност, иницијативата за Заедничкиот регионален пазар се надоврзува на достигнувањата и лекциите научени од REA, односно резултатите постигнати од имплементација на МАР РЕА[54]. За следење и известување за имплементацијата на MAP REA, се назначени национални координатори од страна на секој од националните органи на земјите на Западен Балкан. Други институции учесници во процесот на мониторинг се и Министерства за трго-

50. European Policy Center: https://cep.org.rs/en/blogs/open-balkan-initiative/
51. https://balkaninsight.com/2021/07/29/balkan-mini-schengen-leaders-eye-open-borders-by-2023/
52. European Western Balkans, "EC: The next meeting within the Berlin Process on November 10 in Sofia", 18 September 2020, at https://europeanwesternbalkans.com/2020/09/18/ec-the-next-meeting-within-the-berlin-process-on-november-10-in-sofia/).
53. Common Regional Market Action Plan, 9 November 2020, at https://www.rcc.int/docs/543/common-regional-market-actionplan
54. "Bregu: Common Regional Market Is the Way Forward",15 October 2020, at https://www.rcc.int/news/650/bregu-common-regional-market-is-the-way-forward

**Табела 2:** Области за соработка на CRM

| Трговија | Инвестиции | Дигитална компонента | Мобилност |
|---|---|---|---|
| Слободно движење на стоки, услуги, капитал и луѓе | Усогласување на инвестициските политики со стандардите на ЕУ и најдобрите меѓународни практики и промовирање на регионот пред странските инвеститори | Опфаќа роаминг и распоредување на широкопојасен интернет, сајбер безбедност и заштита на податоците и ќе ги задоволи потребите за дигитални вештини во регионот. | Отстранување на пречките за мобилност на професионалци, преку регионални договори за меѓусебно признавање на професионални квалификации и отстранување на пречките за мобилност на студенти, истражувачи и академици. |

Извор: Совет за регионална соработка: Common Regional Market Action Plan, 9 November 2020, https://www.rcc.int/docs/543/common-regional-market-actionplan

вија, инвестиции, образование, истражување/наука и иновации, и дигитална економија, Централни банки, гранични и царински органи, органи за конкуренција, комисии за хартии од вредност, берзи, регулатори за електронски комуникациии националните заводи за статистика.[55] Исто така, постојат и контакт точки (координатори од секоја земја) кои реферираат за напредокот во секоја од компонентите на MAP (трговија, инвестиции, мобилност и дигитална компонента).

Како дополнување на внатрешниот механизам за следење на MAP REA, назначени се и лица за секоја компонента од страна на Секретаријатите на Советот за регионална соработка и ЦЕФТА како и од Европската комисија. Улогата на Советот за регионална соработка е да ја координира имплементацијата на MAP REA заедно со Секретаријатот на ЦЕФТА и да го следи процесот на имплементација на MAP REA. MAP REA, како прва регионална рамка за среднорочна економска соработка и интеграција која беше одобрена на највисоко ниво, генерираше конкретни резултати и резултираше со забележителен успех со кој може да се пофали регионот[56]. ТГодишните извештаи на MAP REA се подготвуваат од Секретаријатите на Советот за регионална соработка и ЦЕФТА, и во нив се потенцираат клучните случувања на регионално ниво и на ниво на секоја економија. Извештаите овозможуваат слика на напредокот во сите компоненти, предлагајќи следни чекори и резултати. Напредокот во MAP REA редовно се разгледува преку Самитите на Западен Балкан и состаноците на Министерите за економија одржани како дел од Берлинскиот процес.

55. Methodology on monitoring and reporting on the Multi-annual Action Plan for a Regional Economic Area in the Western Balkans (MAP), 2 July 2019, at https://www.rcc.int/docs/473/methodology-on-monitoring-and-reporting-on-the-multi-annualaction- plan-for-a-regional-economic-area-in-the-western-balkans-map
56. MAP REA report 2019_FINAL.pdf
57. For the full text of the Regional Roaming Agreement, see https://www.rcc.int/docs/476/regional-roaming-agreement-for-the-western-balkans)
58. declaration-recognition-academic-qualifications-western-balkans.pdf (europa.eu)

Агендата на MAP REA наиде на неколку предизвици и ризици: Различни фази во процесот на интеграција во ЕУ: Резултатите и предизвиците се нерамномерни низ целиот регионот, бидејќи секоја од земјите е во различни фази на процесот на интеграција во ЕУ, како и недостаток на специјална техничка помош и финансиски инструменти за поддршка на имплементацијата на одредени делови од мерките[60].

**Табела 3:** – Клучни резултати по имлементацијата на REA

| Дигитална компонента | Мобилност |
|---|---|
| ✓ Потпишан Договорот за роаминг од Западен Балкан со цел да се воведе режимот Роаминг како дома од 1 јули 2021 година и започната имплементација[57] | ✓ Постигнат договор за отворање на преговори за заемно признавање на професионални квалификации |
| ✓ Одржан регионален дијалог на виоко ниво за дигитална трансформација на Западен Балкан – успешна организација на три дигитални самити (Скопје, Белград и Приштина) | ✓ Одобрени принципи за моделот на автоматско признавање на академски квалификации |
| ✓ Започната регионална дискусија за признавање на доверливи услуги | ✓ Развиен Заеднички информациски систем за признавање на академски квалификации насочени кон олеснување на признавањето на академски квалификации |
| ✓ Зголемено навлегување на проекти за широкопојасен интернет за дигитална инфраструктура | ✓ Одобрена Декларацијата за признавање на академски квалификации која поставува заеднички стандарди и процедури за автоматско препознавање на квалитетни академски квалификации |
| ✓ Започна годишниот ИКТ дијалог ЕУ -Западен Балкан | |
| **Трговија** | **Инвестиции** |
| ✓ Влезе во сила Дополнителен протокол за олеснување на трговијата | ✓ Одобрена регионалната агенда за реформа на инвестициите |
| ✓ Договорена е Одлука за взаемно признавање на програмата за овластен економским оператор | ✓ Отворена online платформа за инвестиции за заедничка промоција на регионални инвестиции |
| ✓ Договорен е текст на Дополнителен протокол за либерализација на трговијата со услуги[59] | ✓ Развиена е програма за регионална промоција на инвестиции |
| ✓ Дефиниран временски план за подготовка на Заедничка стратегија за управување со ризик | ✓ Започна подготовката на регионалната програма за диверзификација на финансиските пазари |
| | ✓ Индивидуални акциони планови за реформи |

Извор: Совет за регионална соработка-https://www.rcc.int/

59 Protocol_on_Trade_in_Services_-_2012_-_English.pdf (sadc.int)
60 Annual Report on Implementation of the Multi-annual Action Plan for a Regional Economic Area in Western Balkans, July 2019

## Степен на подготвеност на земјите од Западен Балкан за имплементација на MAP REA

На следните графикони е прикажан степенот на подготвеност за имплементација на секоја од компонентите на MAP REA на земјите од Западен Балкан, согласно Методологијата за мониторинг и известување на Советот за регионална соработка[61]. . Со бодување се оценува фазата на подготвеност во имплементацијата на MAP REA во земјите од Западен Балкан и тоа: Рана фаза (резултат 1); одредено ниво на подготовка (резултат 2); умерена подготвеност (3); добро ниво на подготовка (4) и напредно ниво (5).

**Графикон 3** - Степен на подготвеност за имплементација на MAP REA (дигитализација)




| | Дигитални мрежи и услуги, конекција и пристап | Безбедност во дигиталните услуги | Дигитална економија и општество. | Дигитализација, интероперабилност,и новации |
|---|---|---|---|---|
| 2018 | 2.5 | 2.4 | 2 | 2.8 |
| 2019 | 2.7 | 2.5 | 2.1 | 3 |

Извор: Совет за регионална соработка

**Графикон 4** - Степен на подготвеност за имплементација на MAP REA (трговија)




| | Олеснување на слободната трговија на стоки | Хармонизација на пазарите на ЦЕФТА со ЕУ | Креирање на NTM и TDM слободен регион | Олеснување на слободната трговија на услуги |
|---|---|---|---|---|
| 2018 | 3.2 | 4 | 2.8 | 2 |
| 2019 | 3.8 | 4.5 | 3.3 | 3.1 |
| 2020 | 4.5 | 4.8 | 3.4 | 3.7 |

Извор: Совет за регионална соработка

61. Multi-annual Action Plan for a Regional Economic Area (MAP REA) in the Western Balkan-Diagnostic report, December 2020

**Графикон 5** -Степен на подготвеност за имплементација на MAP REA (Инвестиции)



| | Развивање и воспоставување на регионална инвестициска реформска агенда | Формализација на регионалната инвестициска реформска агенда преку соодветни | Имплементација и мониторинг на инвестициските реформи | Промовирање на регионот како уникатна инвестициска дестинација | Диверзификација на финансиските системи за поттикнување на инвестиции | Паметен раст |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | 3 | 1 | 2.5 | 2.5 | 3 | 2 |
| 2019 | 5 | 4 | 5 | 2.5 | 3 | 3 |

Извор: Совет за регионална соработка

**Графикон 6** - Степен на подготвеност за имплементација на MAP REA (Мобилност)



| | Цел 1: Отстранување на пречките за мобилност на истражувачи | Цел 2: Отстранување на пречките за признавање на професионални квалификации | Цел 3: Отстранување на пречките за признавање на академски квалификации |
|---|---|---|---|
| 2018 | 3 | 3 | 4 |
| 2019 | 3.2 | 2 | 4 |

Извор: Совет за регионална соработка

Од горните графикони, може да се заклучи дека земјите од Западен Балкан имаат напредок во степенот на подготвеност за имплементација на MAP REA и тоа во речиси сите поединечни цели во рамките на секоја компонента (дигитална, мобилност, трговија и инвестиции).

# 5. Траекторијата на Северна Македонија во Регионалните Иницијативи

Република Северна Македонија аплицираше за членство во ЕУ во март 2004 година и во декември 2005 година доби статус кандидат за ЕУ. Меѓутоа, земјата не беше во можност да ги отвори пристапните преговори долги години, главно поради спорот со Грција за прашањето за името. Овој спор беше успешно решен преку „Преспанскиот договор“ кој стапи на сила во февруари 2019 година. Од 2009 година, Европската Комисија, со поддршка на Парламентот, препорача дека ќе се отворат пристапните преговори. Во јуни 2018 година, Советот се согласи за можно отворање на преговорите за пристапување со Република Северна Македонија во јуни 2019 година, под услов да се исполнат потребните услови. Сепак, во јуни 2019 и во октомври 2019 година, отворањето на пристапните преговори не успеа. Во јули 2020 година, Европската комисија ја претстави нацрт-преговарачката рамка на земјите-членки согласно која беше предвидено прво да се земе предвид ревидираната методологија за проширување на Западен Балкан. Сепак, пристапните преговори со Република Северна Македонија и Албанија сè уште не се отворени. Ова главно се должи на прашањата меѓу Република Северна Македонија и Бугарија поврзани со идентитетот, јазикот и историјата[63].

Европската интеграција и регионалната соработка се тесно поврзани. ЕУ ја третира регионалната соработка како еден од клучните одредници за Западен Балкан и нивниот процес на интеграција во ЕУ. Стратешката определба за пристапување во ЕУ, Република Северна Македонија ја докажува и со фактот дека активно се вклучува и дава поддршка на сите регионални организации и иницијативи кои имаат за цел да се усогласат со агендите и политиките за приближување кон ЕУ.

62. The Prespa Agreement between Greece and North Macedonia and the settlement of the name dispute: Of objective regimes, erga omnes obligations and treaty effects on third parties - http://www.qil-qdi.org/wp-content/uploads/2020/01/04_PRESPA_PERGANTIS_FIN.pdf
63. https://www.euronews.com/2020/12/08/bulgaria-s-block-on-north-macedonia-s-bid-to-join-eu-massively-endangers-europe-s-securit

## Регионални иницијативи и статус на Република Северна Македонија

а) Пакт за стабилност

Од создавањето на Пактот за стабилност (јуни 1999 година)[64], Република Северна Македонија беше целосен и активен учесник во трите столба на Пактот за стабилност, со цел долгорочна стабилизација преку зајакнување на демократската консолидација, економски просперитет и безбедност.

б) Процес за соработка во Југоисточна Европа (SEECP)[65]

Процесот за соработка во Југоисточна Европа беше иницииран во 1996 година во Софија со цел да се трансформира Југоисточна Европа во регион на стабилност, безбедност и соработка. Овие цели се во согласност со трендовите за европска интеграција преку промовирање заеднички дијалог и соработка на сите нивоа и во сите области од заеднички интерес. SEECP ги обедини заедно Турција, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Република Северна Македонија, Романија, Србија, Грција, Хрватска, Молдавија и Црна Гора со цел подобрување на нивната меѓусебна соработка и донесување трајна стабилност во Југоисточна Европа.

в) Central European Free Trade Agreement CEFTA[66]

На 19 декември 2006 година во Букурешт под раководство на Романија, CEFTA беше изменета и нејзиното членство беше проширено со шест нови членки, вклучувајќи ја и Република Северна Македонија. Потписници на договорот за слободна трговија CEFTA во 2006 година се: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Република Северна Македонја, Молдавија, Црна Гора, Србија и Обединетите нации (во името на Косово). По влезот во ЕУ, Хрватска, Романија и Бугарија ја напуштија CEFTA.

г) Совет за регионална соработка[67]

Советот за регионална соработка беше официјално започнат на состанокот на министрите за надворешни работи на Процесот за соработка на Југоисточна Европа (ПСЈИЕ)  во Софија на 27 февруари 2008 година, како продолжение на Пакетот за стабилност за Југоисточна Европа. Членовите на RCC вклучуваат 46 земји, меѓу кои и Република Северна Македонија.

64. European Commission: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/enlargement-policy/glossary/stability-pact-south-eastern-europe_en
65. https://www.seecp.info/
66. https://cefta.int/
67. www.rcc.int

## 5.1. Status in REA components

REA беше воведена за време на Самитот во Трст во 2017 година, во рамките на Берлинскиот процес. Од самиот почеток, се покажа како најдинамична регионална иницијатива, собирајќи 6 земји-членки на ЕУ (Австрија, Франција, Германија, Италија, Хрватска и Словенија) и 6 земји кандидати и потенцијални земји кандидати од Западен Балкан, нудејќи нов импулс за перспективата за проширување на ЕУ на целиот регион[68].

Од извештаите во делот на напредокот кој го имаат постигнато земјите од Западен Балкан во четирите клучни области во рамки на MAR REA (трговија, инвестиции, мобилност и дигитална димензија) може да се констатира значителен напредок за Република Северна Македонија[69].

а) Трговија

Република Северна Македонија во континуитет презема мерки и активности со кои ги олеснува условите за слободна трговија на стоки и услуги, како активности во насока на усогласување на своите пазари со пазарите на ЕУ[70].

б) Инвестиции

Република Северна Македонија е на добар пат во спроведувањето на мерките поврзани со инвестициската политика и навремено како што е предвидено со МАР. Регионалната агенда за реформа на инвестициите е изготвена, разгледана и одобрена (Заедничка работна група за инвестиции SEEIC-CEFTA, пленарна седница на SEEIC и министерски форуми). Работната група за регионални пазари на капитал е формирана и подготви регионална програма за активности за развој на пазарите на капитал[71].

с) Мобилност

Република Северна Македонија ги засили напорите за давање приоритет и отстранување на пречките за мобилност на истражувачите, што резултира со целосен добар напредок во отстранувањето на пречките за мобилноста на истражувачите. Република Северна Македонија како и останатите земји од Западен Балкан приоритет и даде на мобилноста на истражувачите во својата стратешка рамка. Како одговор на идентификуваните пречки за мобилноста на истражувачите, кои вклучуваат финансиски бариери, беа создадени и шеми за грантови за поддршка на мобилноста на истражувачите[72].

68. https://berlinprocess.info/wp-content/uploads/2018/10/ONE-YEAR-FROM-THE-CONCEPTUALIZATION-OF-REA.pdf
69. https://www.rcc.int/docs/478/annual-report-of-the-secretary-general-of-the-regional-cooperation-council-2019-2020
70. https://www.rcc.int/docs/478/annual-report-of-the-secretary-general-of-the-regional-cooperation-council-2019-2020
71. https://www.rcc.int/docs/478/annual-report-of-the-secretary-general-of-the-regional-cooperation-council-2019-2020
72. https://www.rcc.int/docs/478/annual-report-of-the-secretary-general-of-the-regional-cooperation-council-2019-2020

д) Дигитална димензија

Во делот на Развој на дигитална инфраструктура и регионално поврзување, Република Северна Македонија има напредок, односно ја транспонираше во своето законодавство Директивата на ЕУ за намалување на трошоците за широкопојасен интернет. Законодавството за заштита на податоците и пиратеријата исто така е генерално воспоставено[73].

Во делот на инклузивно дигитално општество, Република Северна Македонија спроведе обука за основни ИТ вештини и напредни ИТ вештини за невработени лица. Беше усвоена и Националната сеопфатна стратегија за образование 2018-2025 година[74], каде што еден од приоритетите е обезбедување широка употреба на ИКТ(ICT) во образованието, обуката и дигиталната писменост, а беше донесен и новиот Закон за математичка-информатичка гимназија. Дополнително, се спроведоа и обуки за напредни ИТ вештини со поддршка на ИПА грантови.

Од горенаведеното може да се констатира дека постои висок степен на подготвеност на земјата во делот на имплементација на секоја од компонентите во рамки на MAP REA.



73. https://www.rcc.int/docs/478/annual-report-of-the-secretary-general-of-the-regional-cooperation-council-2019-2020
74. http://mrk.mk/wp-content/uploads/2018/10/Strategija-za-obrazovanie-MAK-WEB.pdf

# 6. Заклучни Согледувања – Предизвици

Неминовен е фактот дека регионалната соработка е битен предуслов во желбата на шесте земји од Западен Балкан за влез во ЕУ. Меѓутоа, иако регионалните иницијативи ја стимулираа соработката на Западен Балкан и ги олеснија комуникациите, сепак тие до досега многу малку направија за да помогнат во приближувањето на регионот до ЕУ или за подобрување на социјалната, политичката и економската средина. Поради нерешените билатералните спорови, тие дадоа само ограничени резултати[75].

Главните предизвици пред кои се исправени земјите од Западен Балкан во нивната посветеност на европската перспектива како нивни одлучен стратегиски избор може да се поделат во неколку групи и тоа:

- ***Зајакнување на добрососедските односи и поголема посветеност на помирувањето и регионалната стабилност.*** Еден од главните предизвици на земјите од Западен Балкан е решавањето на конфликти од минатото како главен предуслов за напредок во регионалната соработка. Од последните актуелни спорови се:
  - Билатералниот спор помеѓу Косово и Србија доминира на Западен Балкан.
  - Блокадата на Република Северна Македонија од страна на Бугарија во порцесот на напредок кон членство во ЕУ.
- ***Предизвици во однос на безбедноста.*** Нерешените конфликти и билатералните спорови доведоа до преовладувачка и значајна недоверба во регионот, која понекогаш е извор на нестабилност, поткопувајќи ја соработката и напредокот во регионалните иницијативи. Оттука еден од основните предизвици за земјите од Западен Балкан е токму ***обезбедување на мир, стабилност и безбедност на својата територија, што бара координирани индивидуални и колективни дејствија***[76].
- Корупцијата и организираниот криминал остануваат проблем во сите земји од Западен Балкан, и покрај успесите во зајакнувањето на релевантните законоски регулативи и воспоставувањето на антикорупциски институции. Токму ***борбата со корупцијата и организираниот криминал се од суштинска важност за политичката и социјално-економска трансформација на регионот и за регионалната стабилност и безбедност***[77]. Клучен елемент за безбедноста е и ***справувањето со миграциските предизвици,*** вклучително и со борбата со криумчарењето на мигранти.

75 https://www.dw.com/en/bulgaria-asks-eu-to-stop-fake-macedonian-identity/a-55020781
76 Zagreb Declaration: https://www.consilium.europa.eu/media/43776/zagreb-declaration-en-06052020.pdf
77 Zenun Halili - Rule of law challenges in the Western Balkans: https://assets.publishing.service.gov.uk/media/5c6c02eaed915d4a39787419/464_Rule_of_Law_in_the_Western_Balkans.pdf

- ***Предизвици во однос на основните вредности, демократските принципи, владеење на правото и независноста на земјите од Западен Балкан во процесот на донесување одлуки.*** Значаен предзивик за земјите од Западен Балкан се и нецелосни транзициски процеси во делот на правдата, уставно или на друг начин вградени решенија кои поттикнуваат нелиберална политизација на етничките заедници поткопувајќи ја независноста на институциите и процесите на донесување одлуки во нив.

- ***Економски просперитет, продолжување со реформите за влез во ЕУ и понатамошното продлабочување на регионалната економска интеграција врз темелите на правилата и стандардите на ЕУ***. Економскиот развој е клучно прашање доколку земјите од Западен Балкан сакаат да направат подобар и побрз напредок кон европска интеграција. Дополнително, како земји кандидатки за членство во ЕУ, земјите се должни да го усогласат националното законодавство со законодавството на ЕУ. Оттука како значаен предзивик за земјите од Западен Балкан е да продолжат и во иднина ***континуирано да ја следат својата законска регулатива и истата да ја усогласуваат со законодавството на ЕУ со цел нивно приближување до внатрешниот европски пазар***[78].



78 Cybersecurity in the Western Balkans: Policy gaps and cooperation opportunities- https://www.diplomacy.edu/sites/default/files/Cybersecurity%20in%20Western%20Balkans.pdf

# 7. Заклучок и Препораки

Регионалната соработка е од суштинско значење за напредок на соодветните европски патишта на земјите од Западен Балкан. Во текот на изминатите години беа донесени многу иницијативи за регионална интеграција на земјите од Западен Балканот. Многубројните регионални иницијативи имаа за цел да придонесат:

- -за политичка стабилизација, добрососедство и добри политички односи,
- -за помагање во надминување на национализмот и нетолеранција,
- -за промовирање на заемноразбирање и политички дијалог во регионот,
- -за создавање на економски можности, итн.

RРегионалната соработка стана алатка за евалуација на земјите од Западен Балкан, и тоа не само за нивниот пат кон ЕУ, туку и за регионална економска интеграција меѓу соседните земји. Заедно со подобрената регионална соработка, се и натамошни напори кон помирување, клучно за зацврстување на мирот и обезбедување трајна стабилност во регионот. Сите шест земји од Западниот Балкан ја делат амбицијата за приклучување кон ЕУ и изразија подготвеност и желба за регионална соработка. Сепак, нерешените конфликти и билатералните спорови доведоа до преовладувачка и значајна недоверба во регионот, која понекогаш е извор на нестабилност, поткопувајќи ја соработката и напредокот во регионалните иницијативи. Билатералниот спор помеѓу Косово и Србија доминира на Западен Балкан. Неодамна се појавија нови прашања откако Бугарија ја блокираше Северна Македонија да напредува кон членство во ЕУ.

Доколку постои оваа длабока недоверба помеѓу шесте земји од Западен Балкан, ќе биде предизвик да се постигне соодветна регионална економска интеграција, а со тоа и интеграција во ЕУ. Западен Балкан ќе мора да работи на многу фронтови, вклучувајќи решавање билатерални прашања и подобрување на меѓусебните односи, како главен предуслов за напредок во регионалната соработка. Покрај тоа, капацитетите за имплементација ќе треба да се подобрат и регионалната соработка ќе треба да биде на повисоко ниво во агендата на политики за Владите на земјите од Западен Балкан. .

Дополнително, за да се избегне судбината на претходните иницијативи и да се воспостават долгорочни врски меѓу земјите во Западен Балкан е важно да се спојат „мини-шенгенот“ и REA, како и CRM, во една агенда со координација на ЕУ и САД, со цел поддршка на еден заеднички сет на регионални агенди.

Меѓутоа, интеграцијата на старите, новите и паралелните иницијативи, исто така, ќе бара интеграција на пристапот на политиката, прво меѓу земјите-членки на ЕУ, помеѓу ЕУ и САД, и на ЕУ и САД заедно со целиот Западен Балкан. Владите на Албанија, Србија, Република Северна Македонија, Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина треба да преземат иницијатива и да ја промовираат нивната меѓусебна соработка, а партнерите треба да ги поддржат иницијативите што водат до зголемување на кохезијата и рационализација на соработката.

Како главни препораки за надминување на горенаведените предизвици можат да се издвојат:

***Во поглед на Зајакнување на добрососедските односи и поголема посветеност на помирувањето и регионалната стабилност, главни препораки се***:

- ***Решавање на чувствителните прашања како што се: справување со случаи на воени злосторства, судбината на исчезнати лица, бегалци и внатрешно раселени лица***[79],
- ***Решавање на билатералните спорови***, како предуслов за успешна и напредна регионална соработка и ***спроведување на билатерални договори*** важно е билатералните договори да се спроведуваат со добра волја и видливи резултати, вклучително ***Преспанскиот договор со Грција и Договорот за добрососедски односи со Бугарија***. Понатамошни и одлучни напори треба да се посветат и на ***Спогодбата за прашањата за сукцесија*** – изнаоѓање решенија за билатералните спорови и проблеми меѓу земјите чијшто корен лежи во наследството од минатото. Понатаму, неопходно за стабилизација на регионот е нормализација на ***односите Белград-Приштина*** преку Дијалогот олеснет од ЕУ[80].

***Во поглед на Предизвиците во однос на безбедноста, главни препораки се:***

- Заеднички пристап во спречување и спротивставување на сите форми на радикализација и ***имплементација на Заедничкиот акциски план за борба против тероризмот за Западен Балкан.***
- Преземање на ***мерки против трговија со луѓе, одгледување на растенија за производство на дрога, перење пари и криумчарење на луѓе и дрога.***
- ***Справување со миграциските предизвици,*** вклучително и со борбата со криумчарењето на мигранти.

79 Communication from the commission to the european parliament, the council, the european economic and social committee and the committee of the regions A credible enlargement perspective for and enhanced EU engagement with the Western Balkans - https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A52018DC0065

80 Декларација од Загреб: https://www.consilium.europa.eu/media/43776/zagreb-declaration-en-06052020.pdf

*Во поглед на Предизвиците во однос на основните вредности, демократските принципи, владеење на правото и независноста на земјите од Западен Балкан во процесот на донесување одлуки, главни препораки се*:

- ***Јакнење на слободата на медиуми,*** преку спречување на политички влијанија, корумпирани врски помеѓу службеници и сопственици на медиуми, тесна владина контрола, нетранспарентно јавно финансирање на медиумите и финансирање на провладини медиуми. Независните и плуралистички медиуми, како и слободата на изразување и заштитата на новинарите играат клучна улога во процесот на демократизација.
- ***Вклучување на граѓанското општество и експертските групи за тематски прашања од регионалната соработка*** поврзани со домашните и европските агенди за поддршка на земјите од Западен Балкан.
- ***Јакнење на демократијата и владеењето на правото,*** и посебно ***јакнење на борбата со корупцијата и организираниот криминал, доброто управување, како и на почитувањето на човековите права, родовата еднаквост и правата на припадниците на малцинства.***

*Во поглед на Предизвиците во однос на економски просперитет, продолжување со реформите за влез во ЕУ и понатамошното продлабочување на регионалната економска интеграција врз темелите на правилата и стандардите на ЕУ, главни препораки се*:

- ***Интегрирање на паралелните агенди во еден сет регионални иницијативи и организации:*** да се спојат „мини-шенгенот" и REA, како и CRM, во една агенда со координација на ЕУ и САД, со цел поддршка на еден заеднички сет на регионални агенди.
- ***Јакнење на институционалните капацитети со цел обезбедување на подобра координација и имплементација на регионалноите иницијативи и агенди.*** Дополнително од големо значење за процесот на приближување на земјите од западен Балкан до Единствениот европски пазар е и ***реформата во јавниот сектор.*** Ова вклучува подобрување на квалитетот и отчетноста на администрацијата, зголемување на професионализам, деполитизација и транспарентност.

- ***Продолжување на процесот на трансформација во пазарни економии*** што функционираат и се во состојба целосно да се поврзат со единствениот европски пазар, создавање работни места и можности за претприемништво, подобрување на климата за бизнис и инвестиции и унапредување на владеењето на правото. Дополнително, ***продолжување на процесот на хармонизација на нивното законодатвство со законодатвството, правилата и стандардите на ЕУ.***
- Приближување на регионот кон амбициите на ЕУ во однос на климата – во оваа насока е ***промовирањето на Зелената агенда за Западен Балкан.***
- ***Унапредување на дигиталната економија*** и зајакнување на поврзаноста во сите нејзини димензии: во транспортот, енергијата, дигитализацијата и меѓу луѓето, вклучувајќи ги туризмот и културата.

Автори: Овој документ за политики е изготвен од истражувачите на Аналитика:

Бојана Мијовиќ Христовска, Борче Треновски, Тамара Мијовиќ Спасова и Димитар Николоски

Лектор: Илеана Бошкоска

Овој документ за политики е изработен во рамки на проектот „ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЗАПАДНИОТ БАЛКАН - Мини-Шенген, регионална економска соработка и заеднички регионален пазар - мапирање на напредокот - Можност за приближување на Северна Македонија кон внатрешниот пазар на ЕУ", што го спроведува Аналитика - Скопје, со финансиска поддршка на Фондацијата Отворено општество – Македонија. Содржината на овој бриф е единствена одговорност на Аналитика – Скопје и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.